# Склучени нови договори за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007 – 2013

Со објавувањето на шестиот јавен повик за доставување на барања за користење средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 година, до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој беа доставени 67 барања за користење на средствата за трите мерки од оваа програма:

- Мерка 101, Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,

- Мерка 103, Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ и

- Мерка 302, Диверзификација и развој на руралните економски активности.



По обработката на барањата, согласно процедурите за евалуација и одобрување Агенцијата ги повика апликантите чии проекти за користење на средства од оваа програма се одобрени и во тек е склучувањето на договорите за кофинансирање.

Вкупната вредност на инвестициите за кои се очекува да се склучат договорите за кофинансирање од овој јавен повик изнесува околу 643.192,23 евра или кофинансирање во висина од околу 323.081,77 евра.



Најмногу проекти се одобрени во мерката 101 и мерката 103, поточно во подсекторот овоштарство за модернизација на постоечките овошни насади, набавка на системи за наводнување капка по капка односно набавка на опрема (мулчери, атомизери и друга приклучна механизација), како и за модернизација на преработувачките капацитети, набавка на современа опрема (вклучително и софтвер) за преработка на земјоделски производи со што инвеститорите преку достигнување на стандардите на ЕУ воедно ќе ја зголемат и конкурентноста на сопственото производство.

На 29 септември 2012 година излезе седмиот јавен повик (втор за 2012 година) за доставување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата.